MACEDONIAN

AEC
Australian Electoral Commission

# Застанете и размислете

## Проверете го изворот на информации на овие сојузни избори

На сојузните избори се раздаваат голем број на информации кои се наменети да ве наведат како да гласате. Важно е да размислите што гледате, слушате или читате.  Ако се сомневате дека информациите не се точни, постојат прашања кои можете да си ги поставите за да ви помогнат да формирате сопствено мислење и  да донесете одлука.

## Вашата улога како гласач

Одвоете време за да размислете дали информациите се:

### Сигурни

**Дали тие доаѓаат од сигурен и препознатлив извор?**

Дали го знаете изворот на информации? Дали тие доаѓаат од акредитирано медиумско средство или сметка на потврдена социјална мрежа? Веродостојноста на информациите кои се објавуваат не се регулира со законите за избори.

### Најнови

**Кога се објавени информациите?**

Само заради тоа што некој пост/напис е споделен денес, тоа не значи дека тој е најнов. Секогаш проверувајте го оригиналниот извор и датумот на објавување.

### Безбедни

**Можно ли е да се работи за измама?**

Ако се сомневате во веродостојноста на изворот или содржината на информациите кои се објавуваат на социјалните мрежи или други дигитални платформи, важно е внимателно да размислете пред да се впуштете во дискусија.

Кога е можно, треба да ги проверете податоците за контакт на изворот на информациите.

## Улогата на AEC

Австралиската изборна комисија (AEC) е независна агенција која има за задача да ги спроведува сојузните избори. Улогата на AEC е:

**Да достави сигурни информации за гласачкиот процес**

AEC ќе обезбеди лесен пристап до информации во врска со запишување на гласачкиот список, гласање или учествување како кандидат преку нашата рекламна кампања, веб-страница, центарот за контакти и сметки на социјалните мрежи.

Ако некои информации за овие изборни постапки не се точни, тогаш AEC ќе делува за да ги поправи. Надвор од овие изборни постапки – AEC нема улога да ја проверува веродостојноста на информациите за изборите.

**Да испитува дали информациите за изборите се овластени**

Одредени информации за изборите треба да бидат овластени за да ви се помогне да го дознаете изворот на тие информации. Кога AEC ќе добие жалби, таа ќе ги испитува информациите за изборите кои не се правилно овластени.




aec.gov.au 13 23 26

Овластено од Началникот на изборната комисија, Canberra
Authorised by the Electoral Commissioner, Canberra